**20111423116**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

Врз основа на член 14 став 2 од Законот за државниот инспекторат за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, министерот за локална самоуправа донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА СЛУЖБЕНАТА ЛЕГИТИМАЦИЈА, ИЗГЛЕДОТ НА ЗНАКОТ, КАКО И НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ НА СЛУЖБЕНАТА ЛЕГИТИМАЦИЈА НА ИНСПЕКТОРИТЕ ВО ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата и содржината на образецот на службената легитимација, изгледот на знакот, како и начинот на издавање и одземање на службената легитимација на инспекторите во Државниот инспекторат за локална самоуправа.

Член 2

Службената легитимација на инспекторите во Државниот инспекторат за локална самоуправа (во натамошниот текст: службена легитимација) се издава според образец кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Образецот на службената легитимација се печати на специјална заштитена хартија во правоаголна форма со димензии 7х10 цм и е обвиткан со проѕирна пластична фолија.

На предната страна на образецот во горниот дел стои натпис „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА", под тоа „МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА", под тоа „ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА", а под тоа „ СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА ".

На истата страна, во средината има место за фотографија со димензии 2,5х3 цм, а под неа се впишуваат податоци за: името и презимето на носителот на легитимацијата, место за печат и потпис на лицето овластено за издавање на службената легитимација, односно Директорот на Државниот инспекторат за локална самоуправа. Во долниот дел е отпечатен серискиот број.

На задната страна на образецот е отпечатен грбот на Република Македонија под кој се впишуваат податоци за: датумот и местото на раѓање на носителот на легитимацијата, неговото живеалиште и крвна група, датум на издавање на службената легитимација и регистарски број.

Член 3

Образецот на службената легитимација од член 2 на овој правилник е сместен во дводелна црна кожна обвивка со димензии 11х17цм, која се превиткува на средината.

На предната страна на кожната обвивка со букви со златна боја е отпечатен грбот на Република Македонија, под него "РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА", "МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА", "ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ", а во средината е отпечатен текстот " СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА ".

На првата внатрешна страна на кожната обвивка се наоѓа проѕирна пластична фолија под која се сместува образецот на службената легитимација.

На втората внатрешна страна на кожната обвивка се наоѓа знакот кој е втиснат во метална форма и го содржи грбот на Република Македонија со големина од 4цм. Во горниот дел над грбот на средина е напишано „Република Македонија", под тоа „МЛС," додека во долниот дел под грбот на средината е напишано „ДИЛС".

Член 4

Службената легитимација се издава за време додека носителот на службената легитимација согласно Законот за инспекциски надзор има статус на инспектор во Државниот инспекторат за локална самоуправа.

Инспекторот на кој ќе му престане работниот однос во Државниот инспекторат за локална самоуправа или ќе биде распределен на друго работно место кое не е утврдено со статус на инспектор во Државниот инспекторат за локална самоуправа ја враќа службената легитимација на Државниот инспекторат за локална самоуправа и истата се поништува.

Член 5

Инспекторот кој ќе ја загуби службената легитимација или на друг начин ќе остане без неа веднаш, а најдоцна за 24 часа, за тоа го известува директорот на Државниот инспекторат за локална самоуправа.

Член 6

Службената легитимација се заменува со нова, кога поради оштетување или дотраеност ќе стане неупотреблива, како и кога ќе дојде до промена на личните податоци на носителот на службената легитимација.

Старата службена легитимација се поништува.

Член 7

За издадените, вратените и заменетите службени легитимации на вработените во Државниот инспекторат за локална самоуправа се води евиденција.

Евиденцијата од став 1 на овој член содржи: реден број, име и презиме на носителот на легитимацијата, датум на издавање, сериски број на службената легитимација, назив на организационата единица на Државниот инспекторат за локална самоуправа каде што инспекторот е распореден, звањето и рубрика за забелешки.

Редниот број на евиденцијата под кој е извршен упис на податоците се впишува во службената легитимација како регистарски број.

Во рубриката за забелешки се запишуваат измените на податоците.

Член 10

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1982/2
4 октомври 2011 година
Скопје

Министер
за локална самоуправа,
**Невзат Бејта,** с.р.

**Прилог**

## Предна страна на образецот

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

**СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА**

**Име**

______________________________

**Презиме**

______________________________

**Звање**

______________________________

**Потпис на службеното лице**

______________________________

**0000**

## Задна страна на образецот

**Датум на раѓање**

---

**Место на раѓање**

---

**Живеалиште**

---

---

**Крвна група**

---

**Издадена на**

---

**Регистарски број**

---

## Предна страна на кожната обвивка

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА**
**ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА**

**СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА**

# Знакот

